РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА БИТОЛА
Бр. 02-04/11
27.11. 2025 год.
БИТОЛА

ОПШТИНА БИТОЛА

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002, бр.202/2024) а во врска со член 54 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/2019), Градоначалникот на Општина Битола донесе

# ПРАВИЛНИК
## за начинот на користење на средствата за репрезентација

**Општи одредби**

Член 1

Со овај правилник се уредува начинот на користење на средствата за репрезентација, овластувањата за користење на средствата за репрезентација, видовите на репрезентација, одговорноста за наменското користење на средствата и постапката за користење на репрезентацијата во Општина Битола.

Член 2

Согласно член 54 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, секое службено лице е должно да ги чува државните средства што му се доверени и со нив да располага на најекономичен начин и за однапред определените намени.

Средствата за репрезентација треба да се користат одговорно, економично и рационално, за намените утврдени со овој правилник.

Член 3

Под средства за репрезентација во смисла на овој правилник се подразбираат средства за покривање на трошоци за симболични подароци на официјални гости и подароци за посебни пригоди, како предмети (сувенири) и книги кои го отсликуваат културното и историското наследство на Републиката или општината, нотеси, канцелариски прибор (пенкала, календари) и друг репрезентативен материјал, кои не можат да изнесуваат повеќе од 100 евра евра во денарска противвредност, по лице.

Член 4

Средствата за репрезентација се користат и за следните намени:

- покривање на трошоци за промотивен и друг репрезентативен материјал (нотеси, пенкала, календари, честитки, покани и слични материјали);
- покривање на трошоци за набавка на вода, безалкохолни и алкохолни пијалоци, напитоци од кафе, чај и слично;

- покривање на трошоци направени за угостителски услуги кои се во непосредна врска со извршување на одредена службена работа и деловни средби со официјални гости на општината (службен ручек, вечера, закуска, коктел, кетеринг и слично).

Средствата за репрезентацијата можат да се користат 7 дена во неделата.

Член 5

Средствата за репрезентација се планираат и обезбедуваат од средствата на основниот буџет на Општина Битола, во рамките на расходите од категоријата стоки и услуги од ставките 423–материјали и 426-други тековни расходи.

Член 6

Средствата за репрезентација се користат во следните случаи:

- При посети на претставници на државни институции, како и претставници на општините;
- При посета на претставници на странски општини, збратимени општини, како и други странски институции на локално ниво со кои општината започнува, развива и одржува соработка;
- При посета на делегации на странски земји, меѓународни организации, установи, организации и други субјекти, претставници на странски амбасади или мисии во Републиката;
- По повод одбележување на јубилеи, годишнини, празници и други слични настани;
- При посета на странски или домашни експерти ангажирани врз основа на проекти, договори и слично;
- При посета на претставници на верски, невладини и спортски организации и здруженија на граѓани;
- Одржување на работни состаноци и конференции за печат што ги свикува општината, со присуство на преставници надвор од општината (инвеститори, коминтенти на општината, преставници од други државни органи, даватели или корисници на податоци, лица кои работат на проекти и слично);
- При работна посета во странски држави за кои што е издаден налог за службено патување;
- При организирана посета на единици на локална самоуправа, како и при посета на одредени културни манифестации надвор од Општина Битола за средби со коминтенти, инвеститори, бизнисмени и други субјекти;
- Одржување на работни состаноци на вработените и состаноци на колегиумот;
- Прием на странки за службени потреби на општината;
- Други слични настани за потребите на Општина Битола.

**Овластување и начин на користење**

Член 7

Право на користење на средства за репрезентација во согласност со овој правилник имаат градоначалникот, претседателот на Советот на Општината, секретарот на општината, раководители на организациони единици и други службени лица на општината со овластување од градоначалникот.

Член 8

За користење на средства за репрезентација од член 3 и член 4 од овој Правилник, согласност дава градоначалникот на општината или лицето кое тој ќе го овласти.

Член 9

Плаќањето на трошоците за користење на средствата за репрезентација се врши преку парафирана фактура, во согласност со процедурите и упатствата со кои се уредува евиденцијата, плаќањето и контролата на финансиската документација.

По исклучок на ставот 1, плаќањето може да се изврши и во готовинска исплата преку благајна со приложување на фискална сметка и сметкопотврда, но не повеќе од 6.000 денари.

Член 10

Секторот за финансиски прашања води евиденција и контрола за да обезбеди трошењето на средства за репрезентација да биде во рамките на обезбедените средства со буџетот на општината.

На месечно ниво се следат трошоците за репрезентација за сите намени и доколку има барања за поголеми трошоци од планираните, писмено го известува градоначалникот и секретарот.

Член 11

Корисниците на средствата се должни да постапуваат одговорно и економично при користење на средствата за репрезентација и да водат сметка истите да бидат во што е можно помал износ.

Во случај на користење на средствата за репрезентација спротивно на намената и одредбите на овој правилник, корисниците и лицата овластени од нив, должни се лично да ги надоместат истите, за што решение донесува градоначалникот.

Корисниците што ќе направат трошоци за репрезентација над определениот износ од овој правилник, должни се лично да ја надоместат разликата од утврденото ограничување и вкупниот износ на сметката.

**Преодни и завршни одредби**

Член 12

За се што не це предвидено со овој правилник, важат одредбите од позитивните законски прописи.

Член 13

Овој правилник влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавен на веб страницата на Општина Битола.

**Општина Битола**
Градоначалник,
Тони Коњановски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАДОНАЧАЛНИК ОПШТИНА БИТОЛА

ОБРАЗЕЦ
ЗА РЕАЛИЗИРАНИ СРЕДСТВА ЗА РЕПРЕЗЕНТАЦИЈА

Јас ________________________________________ вработен/а на работено место ____________________________________________________________________
во одделение за ________________________________________ во Општина Битола, ИЗВЕСТУВАМ дека на ден __________________ година, искористив за службени потреби на општината средства за репрезентација во вкупен износ од __________________ денари (со зборови)__________________________________.

(да се наведи видот на службена работа)

____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________
____________________________________________________________________

Во прилог доставувам парафирана фактура/фискална сметка/сметкопотврда со што ги потврдувам трошоците за реализирани средства за репрезентација.

Име и презиме

______________________

Потпис

______________________